Воспалителни состојби



# Бебешко себореично воспаление на кожата (дерматитис) / красти на главата

## Важни работи

- Себореичното воспаление на кожата не предизвикува јадеж и не го вознемирува бебето
- Да се избегнува употребата на сапун зашто тој може да го надразни воспалението на кожата
- Да се користат ненамирисани масла за капење наместо сапун
- Да се користат обични средства за навлажнување на кожата, како што е кремот на база на вода или кремот sorbolene
- Во кожата на главата под косата може да се втрива маслиново масло неколку пати неделно за да се отстранат крастите
- Себореичното воспаление на кожата исчезнува кај повеќето мали бебиња кога ќе наполнат отприлика два месеци

## Што е тоа?

Себореичното воспаление на кожата е честа воспалителна болест на кожата која може да ја зафати кожата на главата под косата и превоите на телото кај сосем малите деца. За разлика од алергиското воспаление на кожата кај новороденчињата, себореичното воспаление не предизвикува јадеж. Кај повеќето новороденчиња тоа исчезнува додека да навршат два месеца. Тоа се разликува од бебешкото воспаление на кожата кое обично се јавува после навршени два месеци возраст и продолжува да трае. Благата и многу честа форма што ја зафаќа кожата на главата под косата кај новороденчињата се нарекува краста од лулката.

## Каде се јавува?

Кај новороденчињата, најчесто зафатен дел е кожата на главата под косата, каде што јасно се гледаат мрсни, жолтеникавобели здебелени красти залепени за косата или за кожата на главата. Може да се рашири надолу до средината на лицето, зад ушите или на вратот. Може да ги зафати и кожата што е покриена од пелените, како и пазувите, но тогаш повеќе има црвенило отколку лупење, и обично се зафатени и наборите воципите. Себореичното воспаление на кожата што се јавува во наборите во ципите обично станува инфицирано од беловина (кандида).

## Како се лекува?

Ако формата е блага, овие красти може да се лекуваат со обично средство за навлажнување на кожата како што се кремовите на база на вода или кремот sorbolene, па дури и со маслиново масло. Ако болеста е поактивна, овие средства може да бидат употребени заедно

со крем од салицилна киселина или со многу благ кортизонски крем што ќе го препорача или аптекар или вашиот семеен лекар.

Себореичното воспаление на кожата во пределот што го покриваат пелените често се лекува со додавање на обично масло за капење во водата за капење и со користење на замена за сапун, како што се кремовите на база на вода или емулзифирачка маст. Лекар може да препорача благ кортизонски крем кој се користи со додавање на крем за да се лекуваат сите инфекции со беловина. Ако осипот се јави на лицето, може ден-два да се користи благ кортизонски крем, а потоа состојбата да се одржува со редовно користење на средства за влажнење на кожата.

**Натамошни информации**

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent's Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.